Бр. 12-2630/11
24-09-2019 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 6, член 21 став 1 и став 2, член 26, член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава од непознат подносител, на 22-та седница одржана на ден 17 септември 2019 година донесе

**Одлука**

Во текот на постапката по предмет заведен кај Државната комисија за спречување на корупцијата под архивски број 12- 2630 од 2019 година, кој е оформен по пријава број 12-2630/1 од 08.05.2019 година доставена од непознат подносител против ВД Градоначалник на Општина ------- -------, за сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес и во изборна кампања на Претседателските и Локалните избори 2019 година – Разрешување на ВД Директор на ЈП ------- ------- ------ и поставување на друг ВД директор, со неоформено средно образование, констатирано е дека *сомневањата се основани во дел од предметните наводи*, за што ДКСК, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Деловникот за работа, до Градоначалникот на Општина ----- ------ ќе поднесе барање за преземање мерки од негова надлежност.

Постапката по предметот со број 12-2630 од 2019 година продолжува и ДКСК ќе ја заврши истата по добивање на известувањето за дејствијата и мерките кои се преземени по основ на доставеното барање на ДКСК.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-2630 од 2019 година, е оформен по пријава број 12- 2630/1 од 08.05.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од непознат подносител.

Во пријавата се содржани наводи против ВД Градоначалник на Општина ----- ------, за сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес и во изборна кампања на Претседателските и Локалните избори 2019 година – Разрешување на ВД Директор на ЈП ----- ------ ------- и поставување на друг ВД директор, со неоформено средно образование.

При разгледувањето на предметниот случај Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) ги зема во предвид наводите на подносителот за сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес и во изборна кампања на Претседателските и Локалните избори 2019 година и изврши соодветни проверки по однос на нивната веродостојност и основаност.

Имено, за утврдување на целосната фактичка состојба за овој пријавен случај Државната комисија презема процесни дејствија - достава на барања заради прибавување на податоци и

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

информации до Општина ------ -------, на кој кај ДКСК се примени одговори – писмена со кои се доставуваат бараните податоци и информации.

Од спроведената постапка за утврдување на фактичката состојба и проверка на основаноста на наводите содржани во пријавата и преземените процесни дејствија, ДКСК констатира дека во конкретниот случај постапката за именување на вршител на должност била спроведена согласно со Закон, но наводите по основ на сомневањата по однос поставување на ВД директор со неоформено средно образование, односно дека лицето именувано за ВД директор имало несоодветно образование, *се основани*, по што ДКСК оцени, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Деловникот за работа, да преземе мерки и до Градоначалникот на Општина ----- ------ да поднесе барање за преземање мерки од негова надлежност, а во насока на разрешување на лицето вршител на должноста директор на ЈПКД „--------" ----- ----- именувано од ВД Градоначалникот на Општина ------- ------- со решение број 09-687/1 од 29.03.2019 година и именување на нов директор или вршител на должноста директор на ЈПКД „-------- " ------- ------ согласно одредбите на членот 23 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 19/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018; 35/2019).

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Правна поука:** Против оваа Одлука на Државната комисија за спречување на корупцијата, подносителот на пријавата може да поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од приемот.

**Одлучено на ден 17 септември 2019 година под бр. 12- 2630/11**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk